ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 56

Скопје, 15.09.2017 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 04**

**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звање по група предмети од областа на сметководство на Факултетот деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје.

**Стр. 08**

**РЕФЕРАТ**
за избор наставник во насловно звање по група предмети од областа на економија и финансии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1049/6 од 11.09.2017 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 11.09.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање по група предмети од областа економија и финансии на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија„ на ден 30.08.2017 година, и во предвидениот рок се пријави:

1. *Д-р Владимир Наумовски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Д-р Владимир Наумовски**

***Општи податоци***

Кандидатот, д-р Владимир Наумовски се јави на конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно научни звања по група предмети од областа на економија и финансии објавен на 30.08.2017 година во дневниот весник „Нова Македонија„. Заедно со пријавата, кандидатот ги има доставено сите потребни документи кои се побарани во конкурсот.

***Биографски податоци***

Д-р Владимир Наумовски (1955) е финансов директор на производно-трговска фирма од Скопје. Во текот на својата кариера бил сопственик и прв директор на штедилница во Република Македонија, Министар во Владата на Република Македонија, Директор на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, Директор на Агенцијата за спречување на перење на пари, Претседател за Здружение на штедилници на Македонија, Претседател на Државната пописна комисија, член на Комисијата за хартии од вредност, Основач и Претседател на Управниот Одбор на Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност, Претседател на Здружението на економисти на град Скопје, член на Американско-Македонската комора, член на Бизнис советот на универзитетот Американ Колеџ Скопје, експерт во Советот на Европа – MONEYVAL, претставник во Здружението за развојни банки во Југо-Источна Европа, претставник во Бернска унија – прашки клуб – асоцијација на финансиски институции за оригурување од комерцијални и некомерцијални ризици и шеф на бројни државни делегации.

Д-р Владимир Наумовски дипломирал во 1988 година на прометно комерцијалната насока на Економски факултат во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„. Академскиот степен Магистер по економски науки го стекнал од областа на монетарна економија исто така на Економскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ каде во 2009 година го одбранил трудот на тема „Меѓународната регулатива за борба против финансирање на тероризмот со осврт на некои земји од

Југо-Источна Европа и Република Македоноја„. На Европскиот центар за мир и развој на Универзитето за мир на Обединетите Нации во Белград, Србија, во 2011 година ја одбранил својата докторска дисертација на тема: „Превенција на перењето на пари и финансирање на тероризмот„„ со што се стекнал со научен степен доктор на економски науки

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатот Владимир Наумовски изведува настава на Универзитетот Американ Колеџ Скопје по предметот „Бизнис Етика„ на додипломски студии и по предметот„Деловен модул IV„ на последипломски студии. На покана на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Земјоделски Факултет, има одржано предавање по Макроекономија во рамки на предметот "Агроекономија". Кандидатот е предавач на посетителите на специјализираната програма на Комисијата на хартии од вредност за Инвестициски советници.Во рамките на Универзитетот Американ Колеџ Скопје кандидатот држеч предавања во делот на специјализираната програма за внатрешни ревизори.

Кандидатот Владимир Наумовски е избран во звање насловен доцент на 07.06.2012 година од областа на економија и финансии. Неговиот ангажман на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, врз основа на спроведената евалуација од страна на студентите изнесува 98,00 проценит (од вкупно 100,00).

Во последните пет години, кандидатот има објавено научни трудови како и абстракти од учество на научни меѓународни конференции. Во поглед на неговата научно истражувачка дејност, д-р Наумовски ги има објавено следните научно-истражувачки трудови:

1. Naumovski, V., Bundalevska, E. (2013). *Outsourcing, can We Go Wrong.*MANU ECPD
2. Tripunoski, M., Naumovski, V., Tripunoska, M. (2016). "Quality management, an issue vital for effective management". *Casopiszaekonomijaitrzisnekomunikacije*" Banjarmasin Luka God.Vol. VI : Br./No.Ii : Decembar, 2016.
3. Sredojevic, Z., Naumovski, V., Kresovic, B. (2016). Evaluation of Business Performance in Function Strategy Development of Enterprise. *AgroekonomikaNo.71.*Poljoprivrednifakultet u Novom Sadu, Departman za ekonomiku poljoprivrede i sociologija sela. Нови Сад (http://agroekonomika.rs/images/ae71/Agroekonomika71-9.pdf).
4. Bundalevska, E., Naumovski, V. (2016). Analysis of The Effects from Suspicious Transactions Reporting in the Republic Of Macedonia, Montenegro and the Republic of Slovenia. *Journal of The Institute of Economics*No. 1-2, Skopje.
5. Naumovski, V., Bundalevska, E., Elenov, R. (2017).*Assessment of the National Money Laundering and Terrorism Financing Prevention Systems in Macedonia, Serbia and Slovenia*. International Scientific Conference on Economics and Management EMAN 2017: "Global Challenges" (p. 807-817) http://www.eman-conference.org/uploads/6/5/4/7/65475757/zbornik_radova_eman_2017_final.pdf
6. Naumovski, V., Dana, Leo-Paul, Pesakovic, G., Fidanoski, F. (2017). "Why interpersonal communication is important in public administration" International Conference *Future of Business and Finance: Challenges and Prospects after the Crisis.* https://wnus.edu.pl/wpe/en/issue/463/article/7681.

Во последните неколку години д-р Наумовски има учествувано на меѓународни конференции на кои ја има презентирано својата научно истражувачка работа, достапна до јавноста преку објавени апстракти и тоа:

- Vladimir Naumovski, MirkoTripunoski, Slavica Tripunoska. (2014). *-Reforms un Education a Fundamental Principle of Increasing Social Impact - Indicator for Open Economy Processes mhat Shares Resources and Capabilities*. EDASOL 2014. 24-24 October. Banja Luka
- Vladimir Naumovski, Mirko Tripunoski, Slavica Tripunoska, (2014). *Economic development and Standard of living.* 4th International Scientific Conference on economic development and standard of Living. EDASOL 2014. 24-24 October. Banja Luka
- Riste Elenov, Branka Kalanović Bulatović, Vladimir Naumovski. (2015).Application of Global Gap Standards in Agriculture. GROSYM(10.7251/AGSY0615694E). Sarajevo
- Filip Fidanoski, BasVan Aarle, Taki Fiti and Vladimir Naumovski. (2016). 2$^{nd}$The Role of State in Varieties of Capitalism (SVOC). Conflicting liberalism and economic patriotism in present day capitalist systems -Institutional reforms and privatization the Western Balkan countries. November 10-11, 2016, Hungarian Academy of Arts and Science, Budapest.

Кандидатот, д-р Наумовски има значајни научни достигнувања преку учество на научно-истражувачките проекти како што се:

- 2016 – до сега: Експерт е дел од работната група Advanced Financial Economics (AFE) наInternational Center for Emerging Markets ResearchRUDN University(http://icemr.ru/).
- 2016 –Придружен истражувач во Institute for Advanced Financial Economics, International Center for Emerging Markets Research, RUDN University and Harvard University, Russian Federation
- 2016 – IMPACT - Investigating Merit Pay across Countries and Territories (15000 euros), Hong Kong Polytechnic University (Investigators: Jason Shaw from Hong Kong Polytechnic University, Filip Fidanoski from University of Luxembourg, Vladimir Naumovski from University American College Skopje and Goce Andrevski from Queen's University).Дел од истражувачкиот тим IMPACT (Investigating Merit Pay across Countries and Territories ) Истражување на плаќањето според заслуги во различните земји и територии). IMPACT е прва светска студија, од ваков вид, посветена на ефективноста на меритoрните или пак поттиците засновани на резултат.
- 2017 – Ideas for Action (I4A) initiative, Wharton School of the University of Pennsylvania (Experts: Djordjija Petkoski from University of Pennsylvania, Vladimir Naumovski from University American College Skopje and Filip Fidanoski from University of Luxembourg). Детали за проектот се достапни на следниот линк https://polyumm.asia.qualtrics.com/jfe/form/SV_4PfsW31rsywDl0p .
- 2016 – до сега: Придружен истражувач во International Center for Emerging Markets Research, AFE network http://icemr.ru/fellows-for-afe/.

Кандидатот поседува повеќе сертификати од учество на меѓународни семинари и конференции како што се: Светска банка, Department of state USA – Federal deposit – Insurance corporation, Financial Technology Transfer Agency – Luxemburg, MONEYVAL, Egmond, и други.

Д-р Наумовски е носител на орденот столен медал од прв ред на редот на Светиот Македонски Крст од Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Владимир Наумовски, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, комисијата оценува дека д-р Владимир Наумовски ги исполнува целосно предвидените законските услови предвидени во член 142 од Законот за високо образование на Република Македонија и член 17 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и му предлага на Наставно-научниот советна Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да го избере во повисоко насловно звање *вонреден професор*, по група предмети од областа на економија и финансии.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТА НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СМЕТКОВОДСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1049/7 од 11.09.2017 година година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 11.09.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област сметководство на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија, на ден 30.08.2017, и во предвидениот рок се пријави:

- *Д-р Душица Стевчевска-Србиноска*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно – научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е родена на 07.05.1982 во Скопје. Основно училиште завршува во Скопје. Средно образование завршува со одличен успех и просек од 5.00 во јазичната гимназија Јосип Броз-Тито во Скопје, во рамки на кое едно полугодие учествува во меѓународна размена на ученици во американската гимназија Community High School od Ann Arbor, Michigan. Во 2004 година, дипломира на Американскиот Универзитет во Бугарија, насока Деловна администрација. При дипломорањето добива признание за најдобар студент на генерацијата 2004 на Универзитетот поради остварен просек од 3.98 (скала 0-4).

Во 2002 година во Прага, Чешка Република, во рамките на програмата AIPES-American Institute for Political and Economic Studies Душица С. Србиноска го завршува летниот универзитет во организација на американскиот универзитет Northwestern University и Прашкиот Карлов Универзитет насочен кон проучувањето на светските политички и економски системи и организацијата на американската влада. Во 2003 година го завршува летниот универзитет на американскиот Georgetown University vo Dubrovnik во Дубровник, Хрватска. Програмата ја опфаќа културно-историската поставеност на Јадранскиот регион од средниот век па се до денес, како и политичко-економските начела во изградбата на поранешна Југославија, а соодветно на тоа и причините за распадот на Федерацијата.

Во 2005 година се запишува на постдипломските студии на Економски Институт-Скопје, насока Финансиски менаџмент и во 2007 година, по завршувањето на предвидените испити со средна оценка 9.33, го брани магистерскиот труд под наслов: Спојувањата и преземањата како начин за унапредување на претпријатието. На Економскиот Институт-Скопје во јули 2010 година, успешно го брани докторскиот труд под наслов: Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата.

Во 2004 година, по дипломирањето д-р Србиноска се вработува во ревизорската куќа ПрицеЊатрехоусеЦооперс дооел Скопје како помлад ревизор. Во 2007 година, веднаш по основањето на Вип оператор дооел Скопје, започнува да работи како контролор и Финансов аналитичар за маркетинг, продажба, деловно планирање и анализа на

претпријатието. Во рамки на Вип оператор ја реализраше и функцијата Проектен менаџер за проектот Value Based Sales со кој се воведе едуциран пристап кон односот со постојните клиенти прекуанализа на нивното однесување, како и изработка на понуда согласно потребите на индивидуалниот потрошувач ширум продажната мрежа на друштвото. Континуирано активно учествува на конференции, семинари и стручни обуки во земјата и странство.

Покрај професионалните квалификации, д-р Србиноска одлично говори и е овластен судски преведувач за англиски и француски јазик, а флуентно се служи со шпански, српско-хрватски и бугарски јазик. За потребите на работата и истражувањата ги владее SAP и Microsoft Office.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, пред дипломирањето Душица Стевчевска-Србиноска беше ангажирана како тутор по француски јазик и граматика, но и како демонстратор по управувачко сметководство на Американскиот Универзитет во Бугарија. Од 2016 година е назначена за надворешен соработник (истакнат стручњак од практиката) на Универзитетот Американ Колеџ Скопје каде предава повеќе предмети во рамки на постдипломските студии организирани на Факултетот за деловна економија и организациони науки. Во периодот 2016-2017 година наставниот фокус и е поставен врз предметите финансиско известување и анализа на финасиски извештаи, политика на цени, сметководство на трошоци, како и студии на случај во сметководството и ревизијата, при што во најголем дел наставата, вежбите, проектите и анализите на случаи се изведени на англиски јазик. Резултатите од спроведената евалуација за академската 2015/2016 година покажуваат позитивна оценка за наставно-образовната дејност на д-р Душица Стевчевска-Србиноска и тоа резултат од 95 проценти студентска евалуација (од вкупно 100).

Д-р Србиноска е автор на следните научни трудови:

- Srbinoska, D.S., & Smokvarski, E. (2016). Post-merger integration approaches: Case analysis of the one.Vip Macedonia merger. Asian Journal of Finance & Accounting, Macrothink Institute, Vol. 8, No. 2, p. 228-238. ISSN 1946-052X.

- Srbinoska, D.S. (2016). Insight on Audit Efficiency in the Macedonian Insurance Market, Asian Journal of Science and Technology, Vol.7, Issue 10, p. 3614-3619, ISSN 0976-3376.

- Srbinoska, D.S. (2016). The Strategic Integration of Enterprises as Determinant of Merger and Acquisition Success. International Journal of Accounting and Financial Reporting, Macrothink Institute, Vol. 6, No. 2, p. 190-216. ISSN 2162-3082.

- Srbinoska, D.S. (2016). Due diligence driving the Success of Mergers and Acquisitions in Macedonia. International Journal of Accounting and Financial Reporting, Macrothink Institute, Vol. 6, No. 2, p. 1-14. ISSN 2162-3082.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2016). Ревизија на осигурителните друштва, *Осигурување, Списание за теорија и пракса во осигурувањето*, Национално Биро за осигурување - Македонија, бр. 8, Стр. 14-16, ISSN 1857-9671.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2010). Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата, докторски труд, стр. 1-389.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Спојувањата и преземањата како стратегија за унапредување на претпријатието, магистерски труд, стр. 1-234.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Коментар на законот за заштита на конкуренцијата на Европската унија, Стручно списание *Правник*, Здружение на правниците на Република Македонија, бр. 188, декември 2007. Стр. 38-40.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Интеграција при спојување и преземање, *Економски развој* , Економски институт-Скопје, 3(3). Стр. 195-218.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Европска регулатива по однос на спојувања и преземања, Стручно списание *Правник*, Здружение на правниците на Република Македонија, бр. 180, април 2007. Стр. 6-11.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Придобивките од инвестициското банкарство, *Економски развој* , Економски институт-Скопје, 1-2(3). Стр. 189-212.

- Душица Стевчевска-Србиноска (2007). Влијанието на појавата на спојувања, преземања и партнерства врз развојот на МСП, *Претприемништво-Проблеми, дилеми и перспективи*, Економски институт-Скопје, Факултет за бизнис администрација-ЈИЕ Универзитет-Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија-Скопје, 1-2(3). Стр. 189-212.

***Општествена дејност***

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е соосновач на здружението на граѓани ЕСПАМА чијашто главна активност е развивање на односите помеѓу Кралството Шпанија и Република Македонија во делот на образованието, културата, трговијата и поврзувањето на граѓаните и невладините здруженија од двете земји.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Душица Стевчевска-Србиноска одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Душица Стевчевска-Србиноска ги исполнува предвидените законските услови предвидени во член 125 од Законот за високо образование на Република Македонија и член 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при

Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звање *доцент* по група предмети од областа на сметководство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Евица Делова Јолевска
Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски
Универзитет Американ колеџ Скопје

вон. проф. д-р Игор Величковски
Универзитет Американ колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323